# И З В Е Ш Т А Ј

## за реализација на Програмата за превентивна дезинсекција и дератизација во Општина Крива Паланка за 2022 година

Советот на Општина Крива Паланка на ден 14.03.2022 година донесе Програма за превентивна дезинсекција и дератизација во Општина Крива Паланка за 2022 година со бр. 19-767/39 од 14.03.2022 година.

Општина Крива Паланка спроведе јавни набавки за спроведување на превентивна дезинсекција и на истата по спроведената постапка за извршување на активностите опфатени со Програмата за превентивна дезинсекција и дератизација во Општина Крива Паланка за 2022 година година избрани се:

- За ларвицидна дезинсекција, ЈЗУ Центар за јавно здравје Куманово, Договор број :03-1750/1 од 05.05.2022 година

-За авонска дезинсекција, Друштво за авиоуслуги „БОНИЕР“ Куманово, Договор број 19-2211/7 од 20.06.2022 година.

Ларвицидната дезинсекција од страна на ЈЗУ Центар за јавно здравје Куманово беше извршена на ден 12.05.2022 година и беа опфатени Домачки дол, Скрљавски дол, Куков дол и Конопнички ливади. За ларвицидната дезинсекција од буџетот на Општина Крива Паланка беа исплатени 28.000,00 денари со ДДВ , согласно договорот;

Двете предвидени авионскидезинсекции од страна на Друштво за авиоуслуги „БОНИЕР“ Куманово беа извршение во деновите 06.07.2021 и 19.07.2021 година на површина од 330 хектари. За спроведување на авионските дезинсекции од буџетот на Општина Крива Паланка беа исплатени 338.580 денари без ДДВ, согласно договорот.

Во врска со спроведување на дератизација согласно Програмата за превентивна дезинсекција и дератизација воОпштина Крива Паланка за 2022 година, ЈП „Комуналец“ Крива Паланка има спроведено јавна набавка и се спроведени 2 акции за дезинсекција и дератизација.

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Одделение за урбанизам, сообраќај
и заштита на животна средина